МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
МАКЕДОНСКИ ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

## Побезбедни алтернативи

Според европските политики, доклку тоа е можно, отпадот треба да се третира како ресурс. Тоа значи дека управување со отпадот на побезбеден начин ќе помогне во заштитата на вашето здравје и на животната средина.

Главните принципи кои треба да се почитуваат се:

**РЕДУЦИРАЈ:** Купувајте производи во големи пакувања наместо во помали или единечни пакувања. Купувајте долготрајни производи и производи кои може повторно да се полнат.



**РЕУПОТРЕБИ:** Донирајте работи кои не ви се потребни како на пример облека, мебел, книги, списанија и играчки на роднини, пријатели и во добротворни цели.







"Оваа публикација е изготвена со помош на Европската Унија. Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на Финскиот метеоролошки институт и на никаков начин не ги рефлектира гледиштата на Европската Унија."

**РЕЦИКЛИРАЈ:** Рециклирањето ја намалува количината на отпад кој завршува на депониите. Хартијата, стаклото, пластиката и металите се вредни материјали.




**КОМПОСТИРАЈ:** Инсталирајте сад за компостирање во дворот за кујнскиот и отпад од дворот, за да добиете плодно ѓубриво.




**ОДЛОЖИ:** Одложете го отпадот кој не може да се рециклира за безбедно да се собере на депонија.

Контакт:
Македонски информативен центар за животна средина
Адреса: бул.Гоце Делчев бр 8, кат 11, 1000 Скопје,
Телефон/Факс: 3220-165
Веб: www.moepp.gov.mk
е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk

Проектот е финансиран од Европската Унија

# ПАЛИТЕ ОТПАД НА ОТВОРЕНО?
# ВИЕ ГО ЗАГАДУВАТЕ ВОЗДУХОТ И ГО ДИШЕТЕ!




## ПАЛЕЊЕТО НА ОТПАД НА ОТВОРЕН ПРОСТОР Е ШТЕТНО ЗА ВАШЕТО ЗДРАВЈЕ И ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Проектот е спроведен со поддршка на
Финскиот метеоролошки институт

## Што е палење на отворен простор?

Палењето на отворен простор се однесува на согорување на отпад кој потекнува од разни извори (земјоделски, индустриски, но најмногу од домашен отпад) во буриња, отворени јами, надворешни печки, печки на дрваили камини. Палењето на отпадот на отворен простор е многу поопасно отколку што мислите.

Некои луѓе може да кажат: „Палиме отпад со години, зошто сега да биде поинаку?"

Заради составот на отпадот, кој може да содржи значителна количина на синтетички материјали (како на пример пластика), палењето на отпад на отворено испушта опасна мешавина на соединенија и отровни загадувачки супстанци.

## Законодавство

Според Законот за управување со отпад (Сл.Весник бр.68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 134/08, 09/11) палењето на отпад на отворено е забрането. Згора на тоа, истиот акт пропишува казни за лицата кои го кршат законот.



## Загадување од палење на отпад

Палењето на отпад на отворено претставува ризик за здравјето на оние кои се директно изложени на чадот.

Краткорочната изложеност на чадот може да предизвика мали проблеми како главоболка, гадење и осип. Но, посериозни проблеми со здравјето се појавуваат при средна и долготрајна изложеност, заради присуството на некои загадувачки супстанци кои се содржат во чадот, а кои вклучуваат:

- Тешки метали (жива, олово, арсен)
- Органски загадувачки сусптанци (диоксини, фурани, полициклични ароматични јаглеводороди, полихлорирани бифенили)



Некои од овие загадувачки супстанци може да завршат и во пепелта која останува од палењето на отпад на отворено.

Спротивно од процесот на согорување на отпад во специјализираните постројки, палењето на отпад на отворен простор не дозволува управување со согорувањето кое вообичаено е слабо и непотполно, со голема емисија на штетни соединенија. Од друга страна, овластените постројки за согорување се соодветно опремени со системи за намалување на емисиите, со што се одбегнува емисија на штетни супстанции.

## Палење на отпад на отворен простор и здравствени ризици

Еден од најголемите проблеми кои се поврзани со палењето на отпад на отворен простор претставува здравствениот ризик поврзан со испуштањето на загадувачки супстанци како тешки метали, диоксини и фурани во животната средина. Изложеноста на тешки метали, диоксини и фурани е поврзана со:

- Одредени видови на рак;
- Проблеми со црниот дроб;
- Оштетување на имунолошкиот систем, ендокриниот систем и репродуктивните функции;
- Влијае на нервниот систем во развој и други развојни процеси.



## Палењето на отпад на отворен простор и ризици за животната средина

Бидејќи палењето на отпад на отворено претставува неконтролиран процес на согорување, постои и проблем кој е поврзан со чадот, со значителна емисија на цврсти честички, една од најкритичните загадувачки супстанци кај нас. Згора на тоа, заради рашириноста на оваа практика во руралните области, постои загриженост за таложење на високи нивоа на диоксини и фурани (органски канцерогени супстанци) во земјоделските култури, во потоците и езерата, со дифузно загадување на животната средина. Конечно, практиката на палење на отпад на отворен простор е една од најчестите причини за шумски пожари, особено во летната сезона.